Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) за поддршка на спроведувањето на своите програми објавува **ЈАВЕН ОГЛАС за засновање на работен однос на определено време.**

**Работно место:** Помлад соработник на проекти.

**Број на работни места:** Две (2).

**Времетраење на работен однос:** Шест (6) месеци со можност за продолжување.

**Работни задачи:**

- поддршка на спроведувањето проектни активности,
- подготовка на едноставни и помалку сложени проекти,
- комуникација со целната група, корисниците, испорачувачите и др.

**Потребно знаење и искуство:**

- основни познавања за работата на МЦМС,
- завршени прв циклус универзитетски студии,
- најмногу две години работно искуство,
- познавање на македонски и англиски јазик,
- докажана способност да работи со компјутери, пред сè одлично познавање на програмите од пакетот на Мајкрософт офис,
- возачка дозвола; Б категорија,
- познавањето на албанскиот јазик е предност.

**Потребни вештини и способности:**

- за комуникација, презентација и ширење информации,
- за тимска работа во мултикултурно опкружување,
- за приспособување на нови и различни задачи,
- за извршување повеќе задачи истовремено и за испорака во кратки рокови,
- подготвеност за работа надвор од канцеларија и во рурални средини,
- уредност и организираност.

**Начин и рок на избор:** Кандидатите ќе се избираат со претходна проверка на знаењата. Селектираните кандидати ќе бидат поканети на интервју. Кандидатите кои нема да примат повратна информација до 30 ноември 2012 г. не биле селектирани.

**Начин на пријавување:** Кандидатите треба да доставаат следниве обрасци:

- **пријава на оглас за работа** ,
- **биографија во формат на МЦМС** ,
- **мотивациско писмо,**
- **потврда за завршено образование**.

Обрасците може да се доставаат по е-пошта: oglaszarabota@mcms.mk или лично во просториите на МЦМС на ул. Никола Парапунов 41а, Скопје.

**Рок за пријавување:** 15.11.2012 г. (четврток).